# З А П И С Н И К
од 2-ра редовна седница на Советотна Општина Валандово
одржана на 10.11.2025 година

Седницата се одржа во салата за седница на Општина Валандово. Седницата започна во 12.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово Марија Чурлинова .

На седницата присутни беа и сите членови на Советот освен Ерсан Фетиков.

За работа на седница, Претседателот на Советот, го предложи следниот

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Предлог - Решение за избирање на претседател и на членови на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој;

2. Предлог - Решение за избирање на претседател и на членови на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина

3. Предлог - Решение за избирање на претседател и на членови на Комисијата за општествени дејности;

4. Предлог - Решение за избирање на претседател и на членови на Комисијата за статут и прописи;

5. Предлог-Одлука за формирање на Комисија за изготвување наПрограма за работа на Советот на Општина Валандово и за избирање на претседател и членови на Комисијата;

6. Предлог-Одлука за формирање на Комисија за јавно осветлување и за избирање на претседател и членови на Комисијата;

7. Предлог-Одлука за формирање на Општинска Комисија за проценана штети од елементарни непогоди;

8. Предлог-Одлука за формирање на Комисија за еднакви можности на жените и мажите;

9. Предлог-Одлука за формирање на Комисија за односи и соработка со други општини и за избирање на претседател и членови на Комисијата;

10. Предлог-Одлука за формирање на Комисија за односи меѓу заедниците и за именување на претставници од заедниците застапени во Општина Валандово;

Беше отворена расправа по дневниот ред.

За збор се јави Надица Недиќ.Таа апелираше да се запази пропорционалната застапеност на политичките партии на членовите на Комисиите, како што е уредено во член 33 од Статутот на Општина Валандово и тоа да се има предвид во наредните именувања на членови во комисиите.

Немаше други пријавено за дискусија, па дневниот ред беше ставен на гласање и со 14 гласа ЗА истиот беше изгласан.

Се пристапи со работа на седницата.

ТОЧКА 1

По . Предлог - Решение за избирање на претседател и на членови на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој претседателот на Комисијата за мандатни прашања Мартин Мишков како предлог од Комисијата за мандатни ги предложи: Марија Чурлинова, Мартин Мишков, Донатела Пејовска, Ерсан Фетиков и Надица Недиќ за членови.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и предлозите беа ставени на гласање и со 14 гласа ЗА едногласно беа изгласани.

Од страна на претседателот на Комисијата за мандатни прашања, за претседател беше предложена Марија Чурлинова.

Предлогот беше ставен на гласање и со 14 гласа ЗА едногласно беше изгласан.

ТОЧКА 2

По Предлог - Решение за избирање на претседател и на членови на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина како предлог од Комисијата за мандатни прашања предложени беа: за членови Томче Наков, Мартин Мишков, Момчило Павлов, Бранко Ѓоргиев и Денис Караелмазов.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и предлозите беа ставени на гласање и со 14 гласа ЗА едногласно беа изгласани.

За претседател на комисијата предложен беше Томче Наков.

Никој не се јави за збор и предлогот беше ставен на гласање и со 14 гласа ЗА едногласно беше изгласан.

ТОЧКА 3

По Предлог – Решението за избирање на претседател и на членови на Комисијата за општествени дејности од страна на Комисијата за мандатни прашања предложени беа: Данче Ѓоргиева, Момчило Павлов, Ивана Танчева, Надица Недиќ и Тања Атанасова за членови.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и предлозите беа ставени на гласање и со 14 гласа ЗА едногласно беа изгласани.

Данче Ѓоргиева беше предложена за претседател. Предлогот беше ставен на гласање и со 14 гласа ЗА едногласно беше изгласан.

ТОЧКА 4

По Предлог - Решение за избирање на претседател и на членови на Комисијата за статут и прописи предложени беа: Момчило Павлов, Перо Наков, Томче Наков, Верица Зајкова Стојанова и Ерсан Фетиков за членови.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и предлозите беа ставени на гласање и со14 гласа ЗА едногласно беа изгласани.

Момчило Павлов беше предложен за претседател. Предлогот беше ставен на гласање и со 14 гласа ЗА едногласно беше изгласан.

ТОЧКА 5

По Предлог-Одлука за формирање на Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот на Општина Валандово за претседател и членови на Комисијата за мандатни предложени беа: Марија Чурлинова, Мартин Мишков,Момчило Павлов, Верица Зајкова Стојанова,Тања Атанасова за членови.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и предлозите беа ставени на гласање и со 14 гласа ЗА едногласно беа изгласани.

Од страна на претседателот на Комисијата за мандатни прашања, за претседател беше предложена Марија Чурлинова.

Предлогот беше ставен на гласање и со 14 гласа ЗА едногласно беше изгласан.

ТОЧКА 6

По Предлог-Одлука за формирање на Комисија за јавно осветлување и за избирање на претседател и членови на Комисијата за мандатни предддложени беа: Перо Наков, Горан Манчев, Славе Станисавовски, Данче Ѓорѓиева, Денис Караелмазов, Крста Тодоров и Ацо Минов за членови.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и предлозите беа ставени на гласање и со 14 гласа ЗА едногласно беа изгласани.

За претседател на комисијата предложен беше Перо Наков.

Никој не се јави за збор и предлогот беше ставен на гласање и со 14 гласа ЗА едногласно беше изгласан.

ТОЧКА 7

По Предлог-Одлука за формирање на Општинска Комисија за процена на штети од елементарни непогоди од страна на Комисијата за мандатни прашања предложени беа Гордана Матеева, Ристе Стојанов, Влатко Митков, Христијан Ристоманов, Марија Петкова, Крсте Тодоров и Васил Узунов за членови.

По отворената расправа никој не се јави за збор и предлозите беа ставени на гласање и со 14 гласа ЗА едногласно беа изгласани.

За претседател беше предложена Гордана Матеева .

Предлогот беше ставен на гласање и со 14 гласа ЗА едногласно беше изгласан.

ТОЧКА 8

По Предлог-Одлуката за формирање на Комисија за еднакви можности на жените и мажите предложени беа: Данче Ѓорѓиева, Донатела Пејовска, Перо Наков, Томче Наков, Сања Павлоска, Лепа Костадиноска и Тања Атанасова за членови.

По отворената расправа никој не се јави за збор и предлозите беа ставени на гласање и со 4 гласа ЗА едногласно беа изгласани.

За претседател беше предложена Данче Ѓоргиева

Предлогот беше ставен на гласање и со 14 гласа ЗА едногласно беше изгласан.

ТОЧКА 9

По Предлог-Одлука за формирање на Комисија за односи и соработка со други општини и за избирање на претседател и членови на Комисијата предложени беа: Бранко Ѓорѓиев, Ѓурѓица Чичанова, Томче Наков, Ивана Танчева и Донатела Пејовска за членови.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и предлозите беа ставени на гласање и со 14 гласа ЗА едногласно беа изгласани.

Бранко Ѓорѓиев беше предложен за претседател и беше ставен на гласање и со 14 гласа ЗА едногласно беше изгласан.

ТОЧКА 10

По Предлог-Одлука за формирање на Комисија за односи меѓу заедниците и за именување на претставници од заедниците застапени во Општина Валандово предложени беа: Денис Караелмазов и Усеин Усеинов од турска националност,Надица Недиќ и Ивана Танчева од српска националност и Борче Наков, Никола Калковалиев и Александар Тасев од од македонска националност, за членови.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и предлозите беа ставени на гласање и со 14 гласа ЗА едногласно беа изгласани.

За претседател беше предложен Денис Караелмазов. Предлогот беше ставен на гласање и со 14 гласа ЗА едногласно беше изгласан.

Со тоа дневниот ред беше исцрпен и седницата на Советот на Општина Валандово беше заклучена.

Записничар
С.Х.Јовановиќ

Претседател на Совет на Општина Валандово
Претседател
Марија Чурлинова